INTERNATIONAL MONETARY FUND
EXTERNAL RELATIONS DEPARTMENT

Изјава за печат Бр. 08/214
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ВЕДНАШ
22 септември 2008

Меѓународен Монетарен Фонд
Вашингтон, 20431 САД

**Изјава по завршувањето на Мисијата на ММФ во Македонија**

Мисијата на Меѓународниот Монетарен Фонд (ММФ) предводена од Марк Грифитс го посети Скопје од 10 до 22 септември 2008 година за да ги спроведе консултациите по Членот IV со Македонија. По завршувањето на мисијата во Скопје г-дин Грифитс ја даде следната изјава во врска со прелиминарните заклучоци на мисијата:

“Економијата силно напредува. Растот достигна 5 проценти во 2007 година и 6 проценти во 2008 година со индустриско производство што расте со двоцифрени стапки. Силните инвестиции и изобилната понуда на работници претставуваат значителен простор ваквиот брз раст да може да продолжи.

“Меѓутоа, чувствителностите се зголемуваат така што би можеле да ја загрозат одржливоста на вака подобреното ниво на развој. И покрај тоа што инфлацијата значително се зголеми, сидрото на девизниот курс би требало да ја намали под 6 проценти на крајот на оваа година и на околу 3 проценти следната година, под услов на взаемна поддршка од страна на монетарната и фискалната политика. Сепак, рапидното зголемување на дефицитот на тековната сметка предизвикува уште поголема загриженост, и тоа како во поглед на задржување доволно ниво на девизни резерви така и за зачувување одржливо ниво на надворешниот долг. Скорешните потреси на меѓународните финансиски пазари ја зголемуваат оваа загриженост, при што слабее приливот на капитал, или пак што забавениот светски раст го намалува извозот или дознаките. Веројатноста дека продлабочениот дефицит на тековната сметка на крајот би можел да предизвика значително затегнување на монетарната и фискалната политика претставува главен ризик за понатамошниот силен економски раст.

“Според мислењето на мисијата, плановите за релаксирање на фискалната политика би требало уште еднаш да се преиспитаат. Овогодинешниот ребаланс на буџетот вклучува значително зголемување на буџетските трошоци, со што ќе се поттикне инфлацијата како и дефицитот на тековната сметка. Со веќе силен раст, најдобро би било натфрлувањата во овогодинешните приходи да се заштедат. И покрај тоа што постои потреба од инвестирање во јавната инфраструктура, плановите за значително зголемување на дефицитот на буџетот на централната влада за 2009 година, во услови на дефицитот на тековната сметка, можеби би било потребно повторно да се разгледаат.

“Исто така постои можност за понатамошно затегнување на монетарната политика. Рапидниот кредитен раст придонесе за зголемениот дефицит на тековната сметка и можно е да ги зголеми ризиците во банкарскиот систем. И покрај тоа што фиксниот девизен курс ги намалува можностите на Народната банка за дејствување, веројатно би требало да се преземат дополнителни мерки.

“Најсигурниот пат за одржлив и брз економски раст е преку структурните реформи, наместо со фискална експанзија. Владата постигна значителен напредок кон подобрување на деловната клима, охрабрување на странски директни инвестиции, како и намалување на даноците за

работна сила со цел стимулирање на вработувањето. Сите овие мерки би помогнале за зголемување на потенцијалната стапка на раст. Потребите од јавни инвестиции се значителни, како во образованието така и во инфраструктурата, но тие треба да бидат добро испланирани и предмет на анализа на нивната стапка на поврат. Имајќи ги предвид сегашните макроекономски состојби како и времето што би било потребно за избор на најдобрите проекти, оваа инвестиција најдобро се финансира со намалување на скорешниот раст на јавната потрошувачка. Со текот на времето, ќе се создадат можности за финансирање на овие проекти преку малку повисок буџетски дефицит, штом дефицитот на тековната сметка ќе се врати на одржливо ниво.

“Мисијата би сакала да се заблагодари на властите на Македонија за нивната соработка за време на мисијата и за нивната несебична гостопримливост. “